Јавно претпријатие за државни патишта

# АВТОПАТОТ А2: БУКОЈЧАНИ - КИЧЕВО ДЕЛНИЦА

## Рамка за откуп на земјиштето



НОЕМВРИ 2021

ЈАВЕН

Јавно претпријатие за државни патишта

# АВТОПАТОТ А2: БУКОЈЧАНИ - КИЧЕВО ДЕЛНИЦА

## Рамка за откуп на земјиштето

**ВИД НА ДОКУМЕНТ (ВЕРЗИЈА) ЈАВЕН**

**ПРОЕКТ БР. 70061173**

**DATE: НОЕМВРИ 2021**

Јоже Јовановски
менаџер за заштита на животната и социјалната средина, Единица за спроведување проекти, ЈПДП
телефон: +38923118044 локал 305
адреса: Даме Груев 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Email: j.jovanovski@roads.org.mk
Website: www.roads.org.mk

Јавно претпријатие за државни патишта

# АВТОПАТОТ А2: БУКОЈЧАНИ - КИЧЕВО ДЕЛНИЦА

## Рамка за откуп на земјиштето

WSP

WSP.com

ЈАВЕН

# КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

| Издание/ ревизија | Прво издание | Ревизија 1 | Ревизија 2 | Ревизија 3 | Ревизија 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| Забелешки | Прв нацрт за коментирање | Втор | Трет | Коментари од ЈПДП | Коментари од ЈПДП |
| Датум | јули 2019 | август 2019 | октомври 2019 | ноември 2020 | Ноември 2021 |
| Изготвил | Tatyana McNaughton | Tatyana McNaughton | Tatyana McNaughton | Matthew Shepherd | Tatyana McNaughton |
| Потпис | | | | | |
| Проверил | Rachael Bailey | Rachael Bailey | Rachael Bailey | Tatyana McNaughton | Jenny Warhurst |
| Потпис | | | | | |
| Одобрил | Rachael Bailey | Rachael Bailey | Rachael Bailey | Rachael Bailey | Rachael Bailey |
| Потпис | | | | | |
| Проект бр. | 70061173 | 70061173 | 70061173 | 70061173 | 70061173 |
| Извештај бр. | 1.0 | 2.0 | 3.0 | 4.0 | 5.0 |

# CONTENTS


1 ВОВЕД 1

2 ОПИС НА ПРОЕКТОТ 4

2.1 ПРОЕКТНА ОБЛАСТ, УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО И СОЦИО-ЕКОНОМСКО РЕЗИМЕ 4

2.2 ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ПРОЕКТНАТА ОБЛАСТ 5

2.3 РЕЗИМЕ НА ЕФЕКТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ОТКУПОТ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗАРАДИ ПРОЕКТОТ 7

3 ПРАВНА И РЕГУЛАТОРНА РАМКА 9

3.2 НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА 9

3.3 ОПИС НА ПОСТАПКАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА 11

3.4 ПОНАТАМОШНИ ЧЕКОРИ ШТО ГИ ПРЕЗЕМААТ НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ 12

3.5 РЕЗИМЕ НА БАРАЊАТА НА ЕБОР 13

3.6 КЛУЧНИТЕ РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО И БАРАЊАТА НА ЕБОР И ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ДЕЈСТВИЈА 14

4 НАЧЕЛА, ЦЕЛИ И ПОСТАПКИ 25

4.1 ЦЕЛИ 25

4.2 НАЧЕЛА 25

4.3 ПРОЦЕС НА ОТКУП НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПРЕСЕЛУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЖИВОТ / ЕГЗИСТЕНЦИЈА 27

5 ПОСЕБНИ СЛУЧАИ 30

5.2 ИМОТИ ЛОЦИРАНИ ВО РАМКИТЕ НА 40-МЕТАРСКАТА БЕЗБЕДНОСНА ТАМПОН ЗОНА 30

5.3 РАНЛИВИ ГРУПИ 30

6 КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВА 32

6.1 КВАЛИФИКУВАНОСТ ЗА ПОМОШ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЖИВОТ / ЕГЗИСТЕНЦИЈА 32

6.2 МАТРИЦА НА ПРАВАТА 33

6.3 ПОМОШ ЗА ПРЕСЕЛУВАЊЕТО И ОБНОВУВАЊЕТО НА СРЕДСТВА ЗА ЖИВОТ / ЕГЗИСТЕНЦИЈА 38

7 СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ОТКУП НА ЗЕМЈИШТЕТО И НАБЉУДУВАЊЕ 40

7.2 ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО И ИМОТОТ И СОЦИО-ЕКОНОМСКО ИСТРАЖУВАЊЕ 40

7.3 УТВРДУВАЊЕ НА РАСПОЛОЖЛИВИТЕ УСЛУГИ И ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА РАНЛИВИТЕ ЛЗП 40

7.4 НАБЉУДУВАЊЕ 40

8 ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ И КОНСУЛТАЦИИ 43

8.1 ПЛАНИРАНО ИДНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЧИНИТЕЛИТЕ 43

9 МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ 44

10 ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ЗАДОЛЖЕНИЈА 45

## *ТАБЕЛИ*

Табела 3-1 – Клучните разлики помеѓу националното законодавство и барањата на ЕБОР 15

Табела 4-1 – Список на активности што треба да се преземат 27

Табела 6-1 – Матрица на правата 33

Табела 7-1 – Примери на показатели за набљудување 41

## *СЛИКИ*

Слика 1-1 – Првична траса на Проектот 2

Слика 2-1 - Етничкиот состав на населението во проектната област, податоци од Пописот во 2002 година (Извор: ОВЖСС, 2019) 5

# APPENDICES

APPENDIX A

GRIEVANCE MECHANISM

APPENDIX B

LAP TABLE OF CONTENTS

# 1 ВОВЕД

1.1.1. Европската банка за обнова и развој (ЕБОР или Банката) ја разгледува можноста да му обезбеди средства на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) за финансирање на изградбата на автопатската делница А2 Кичево – Букојчани. Овој документ е Рамка за откуп на земјиштето (РОЗ) за делницата од автопатот М2 Букојчани – Кичево со должина од 10,7km.

1.1.2. Оцената за животна и социјална средина (ОВЖСС) за Проектот беше обелоденета на 11 декември 2020 година и даде оцена за првичната траса (слика 1-1). Меѓутоа изработена беше ревидирана траса по консултациите за обелоденетата ОВЖСС и истата е сега претпочитана опција (слика 1-2). Подготвен е и Адендум кон ОВЖСС на Проектот со цел да се евалуираат потенцијалните импликации од ревидираната траса, која што се однесува на 4 km делница на Проектот помеѓу стационажа 2+000 и 6+000. РОЗ беше ажурирана во 2021 година за да се земе предвид ревидираната траса, изготвена како одговор на загриженоста изразена од локалните жители при активностите за вклучување на чинителите, особено во однос на близината на првичната клучка Строгомиште до станбените имоти, како и потенцијалните ефекти на Проектот врз гробиштата во Долно Строгомиште.

1.1.3. ЈПДП ќе подготви и презентира ревидирана динамика на планираните консултации и активности за вклучување на чинителите до ЕБОР и ќе даде детали за ажурираниот ПВЧ.

1.1.4. ЈПДП ќе изврши јавно објавување на Адендумот кон ОВЖС и следниве ажурирани документи: ПОЗ,, ПВЧ, ОВЖСС и НТР за ОВЖСС.

1.1.5. Овие документи ќе бидат достапни на следниве јазици:

- Ажуриран ПО – македонски, англиски и албански јазик
- Ажуриран НТР – македонски, англиски и албански јазик
- Ажуриран ПВЧ – македонски, англиски и албански јазик
- Ажуриран ОВЖСС – македонски, англиски и албански јазик
- Ажуриран ПУЖСС – македонски и англиски јазик
- Адендум кон ОВЖСС – македонски и англиски јазик.

1.1.6. Заемот ќе се искористи за финансирање на изградбата на 10,7 км долгата подделница Кичево – Букојчани од автопатот А2 (Проектот). Проектот вклучува: подвозници, насип, одводнување, цевчести и врамени пропусти, 3 мостови, 3 вијадукти и тунел кај Колибари. Проектот ќе вклучува и привремени објекти, како што е изградба на пристапни патеки и градилишни кампови.




**Слика 1-1 – Првична траса на Проектот**

1.1.7. Оваа РОЗ ги прикажува ефектите од раселувањето поврзани со Проектот, како и начелата и задолженијата за надоместот и преселувањето за да се осигура никој да не биде оштетен како резултат на Проектот. Во РОЗ, исто така, се содржи и механизмот за поплаки за луѓето засегнати од Проектот и општата јавност да може да ги искажат своите грижи.

1.1.8. Овој документ е изработен во согласност со правната рамка на Северна Македонија и во согласност со политиката за животна и социјална средина на ЕБОР од 2014 година (ПЖСС 2014), особено барање за успшеност . Деталниот План за откуп на земјиштето (ПОЗ), во кој ќе




THIS DRAWING MAY BE USED ONLY FOR THE PURPOSE INTENDED AND ONLY WRITTEN DIMENSIONS SHALL BE USED

**Legend**

- Town
- Link Road
- Original Alignment
- Realignment
- Embankment
- Existing Roads
- Existing Railway
- Area Extents of the Realignment




Note:

Original alignment and realignment have been digitised based on a .jpeg file.

| | |
|---|---|
| Drawing Status | FINAL |
| Job Title: | A2 MOTORWAY: BUKOJCHANI – KICHEVO SECTION |
| Drawing Title | Figure 1-2 - Realignment (2+000 and 6+000) |
| Scale at A4 | 1:20,000 |
| Drawn | DG |

| Stage 1 check | Stage 2 check | Originated | Date |
|---|---|---|---|
| SB | JW | DG | 14/07/2021 |

0 150 300 600 m

wsp

Drawing Number Figure 1-2

Path: \\uk.wspgroup.com\central data\Projects\700611xx\70061173 - Kichevo to Bukojchani ESIA\04 - WIP\19 - ESIA Addendum\GIS\Mxd\Figure 1-1 - Realignment (2+000 and 6+000).mxd

се опфати и економското и физичкото раселување, ќе се изработи дополнително, а врз начелата дефинирани во РОЗ.

1.1.9. РОЗ не е исто што и ПОЗ, бидејќи РОЗ го прикажува планираниот приод на Проектот кон откупот на земјиштето и надоместот за истото, но не ги дава сите подробности за стварното сопственишство на земјиштето. Точниот број на чинителите ќе биде наведен во ПОЗ. Во текот на наредната фаза од развојот на Проектот ќе се спроведе истражување со цел попишување на населението и добрата, за целосно да се увиди размерот и обемот на економското и физичкото раселување и релевантните ефекти врз Лицата засегнати од Проектот (ЛЗП).

1.1.10. Истражувањето заради пописот на населението и добрата и социо-економското истражување ќе обезбедат информации за идниот ПОЗ кој ќе се изработи за потребите на Проектот откако ќе се фиксира деталниот проект/порамнувањето на трасата и откако ќе бидат достапни податоците од пописот на населението и добрата.

1.1.11. Овој РОЗ е поставен на следниов начин:

- Дел 2: Опис на Проектот;
- Дел 3: Правна и регулаторна рамка;
- Дел 4: Целите, начелата и процесот на откупот на земјиштето и надоместот;
- Дел 5: Посебни случаи;
- Дел 6: Квалификуваност и права;
- Дел 7: Спроведување на активностите за откуп на земјиштето и набљудување;
- Дел 8: Обелоденување на информациите и консултации;
- Дел 9: Механизам за поплаки; и
- Дел 10: Институционални задолженија.

# 2 ОПИС НА ПРОЕКТОТ

## 2.1 ПРОЕКТНА ОБЛАСТ, УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО И СОЦИО-ЕКОНОМСКО РЕЗИМЕ

2.1.1. Автопатот А2 Букојчани – Кичево, е дел од Коридорот VIII. 305 км од Коридорот VIII се наоѓаат во Република Северна Македонија, и со него се поврзува границата со Бугарија со границата со Албанија. Автопатот ќе се изгради за да се подобри патната поврзаност во земјата, но и со соседните земји, и да се подобри нивната економска и социјална размена.

2.1.2. Постојниот терен долж предложената траса се карактеризира со планинско и рамничарско земјиште, испресечено со постојани и повремени водотеци што се влеваат во реката Зајаска. Планинскиот дел од трасата се состои од цврст карпест материјал, додека, пак, рамничарскиот терен главно претставува обработлива почва со вегетација. Постојниот државен пат до Охрид се движи паралелно со Проектот, како и со железничка линија Кичево – Гостивар, којашто Проектот го пресекува на повеќе места.

2.1.3. Основните превозни средства во проектната област се автомобил, комбе и автобус. Населението во локалните заедници сместени долж предложената траса е во опаѓање, како последица на иселувањето на младите луѓе во главниот град или во другите земји. Станбените куќи во оваа област се претежно градби со по еден или дваката, во умерена до добра состојба.

2.1.4. Проектот е изработен така што да го обезбеди најдобрата траса што ќе ги исполни проектните параметри, земајќи ги предвид и ограничувањата, како што се топографијата и железничката линија.

2.1.5. Проектната област се карактеризира со мали индивидуални земјоделски стопанства, обично лоцирани околу самите куќи или во нивна близина, а кои обично се состојат од земјишна парцела со куќа, неколку помали објекти (на пр., складиште/шупа), и простор наменет за одгледување растенија. Поблиску до Кичево, на југ од проектната траса, се среќаваат и кошници со пчели.

2.1.6. Во пределот на кичевската клучка, паралелно со постојниот државен пат, се протега железничката линија Кичево-Гостивар. За изградба на клучката, автопатот, како главна траса, треба да помине над постојниот државен пат и железничката линија, во слободна висина согласно релевантните стандарди.

2.1.7. Предложената траса содржи 14 патни премини, Премините се состојат од подвозници, надвозници и вијадукти.

2.1.8. Ревидираната траса, помеѓу стационажа 2+000 и 6+000:

- ја релоцира клучката Строгомиште поназапад од селото Долно Строгомиште (помеѓу стационажа 2+750 и 3+000);
- се протега над локалните патишта и железничката пруга, така што Проектот се наоѓа на линеарен насип со приближно 10 метри висина помеѓу стационажа 2+000 и 3+000 (далечен западен крак) / 3+050 (далечен источен крак);

- креира вијадукт со должина до 710 метри (или помеѓу стационажа 3+000 и 3+700 (далечен западен крак) или помеѓу стационажа 3+050 и 34+760 (далечен источен крак); и
- го релоцира влезот и излезот од Колибарскиот тунел. Должината на тунелот же биде 760 метри.

2.1.9. Ревидираната траса сега е претпочитаната опција, а деталното решение за Проектот ќе ја вклучува ревидираната траса. Градежните активности се очекува да почната во 2022 година и траат до 2026 година, кога Проектот ќе прејде во оперативната фаза.

## 2.2 ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ПРОЕКТНАТА ОБЛАСТ

2.2.1. Врз основа на информациите дадени во извештајот за ОВЖСС, населението од македонско потекло претежно е сконцентрирано во урбаните средини, како последица на индустријализацијата и обрасците на преселба на населението во 1960-тите и 1970-тите. Жителите од албанско етничко потекло главно живеа во руралните средини во општината северно од градот, поблиску до градот Кичево.

2.2.2. Подолните податоци го прикажуваат етничкиот состав на населението во четири области поврзани со проектот: поширокото подрачје на Општина Кичево, самата проектна област, конкретно руралните средини во проектната област и градот Кичево. Неколку години по Пописот од 2002 година, Општината Кичево беше споена со другите локални општини, а најажурните и официјалните податоци ќе бидат потврдени дури по следниот национален попис.




**Слика 2-1 - Етничкиот состав на населението во проектната област, податоци од Пописот во 2002 година (Извор: ОВЖСС, 2019)**

2.2.3. Во извештајот за ОВЖСС се вели дека последниот попис бил планиран да се случи во 2011 година, и дека и се започнало со спроведување на Пописот во 2011 година, но набрзо

процесот бил запрен и одложен на неопределено време, така што најажурните податоци се тие од Пописот во 2002 година.

2.2.4. Демографската состојба во проектната област е прикажана подолу, од каде што се гледа дека преовладува постаро женско население во возрасната категорија од 70+ години, и дека најверојатно живеат сами, така што би било од полза да се организира посебна фокусна група за време на јавните консултации.

2.2.5. Врз основа на согледувањата за време на извидничките теренски посети, беше забележано дека во проектната област претежно живеат Албанци. Некои од домаќинствата лоцирани долж порамнувањето се чини дека се прилично конзервативни, така што, за време на јавните консултации, ќе треба да се организираат посебни настани (т.е. фокусни групи), за да се обезбедат и ставовите и мислењата на жените и постарите во врска со Проектот.

2.2.6. Во областа на Певци, којашто ја посетија тимовите на ЈПДП и WSP во јули 2019 година, ЈПДП потврди дека предложеното патно порамнување најверојатно ќе ја засегне и областа населена со локалните ромски семејства. Откако ја провериме предложената траса на мапата заедно со проектантите на патот, тимот изброја до осум (8) локални ромски домаќинства коишто би можеле да бидат засегнати со Проектот доколку не се измени патното порамнување кај Певци.

2.2.7. Освен тоа, беше забележано дека локалното население ги обработува некои од нивите кои се протегаат долж предложеното порамнување, каде што одгледува зелка, пченка и други едногодишни култури.




**Слика 2-2 Структура на населението во Општина Кичево според 5-годишни возрасни групи и пол (Извор: Интернет страницата на Државниот завод за статистика, Базата МАКСтат)**

2.2.8. Дополнителни податоци за социо-економските карактеристики на локалното население може да се најдат во ОВЖСС и Адендумот кон ОВЖСС за Проектот.

## 2.3 РЕЗИМЕ НА ЕФЕКТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ОТКУПОТ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗАРАДИ ПРОЕКТОТ

### БАРАЊАТА ВО ОДНОС НА ПРОЕКТНО ЗЕМЈИШТЕ

2.3.1. Најверојатно ќе биде потребно да се изврши трајно зафаќање на земјиштето заради градежните зафати во Проектот, вклучително и измена или изградба на крстосници, сродни објекти и пристапни/локални патеки (кои спаѓаат во делокругот на Проектот) и др. Трајната земјишна површина што ќе треба да се откупи ќе треба да се потврди откако ќе се финализира деталниот проект и ќе се фиксира трасата. ЈПДП и нивните проектанти настојуваат да се минимизира физичкото преселување.

2.3.2. Местото за отстранување на почвата (т.е. вишокот ископан материјал) долж трасата ќе се утврди за време на деталното проектирање и ќе се наоѓа на државно земјиште.

2.3.3. Согласно Законот за јавните патишта, на секоја страна од патот ќе се постави безбедносна тампон зона во широчина од 40 м, која ќе подлежи на одредени рестрикции во текот на оперативната фаза на Проектот. Сопствениците на земјиштето во рамките на безбедносната зона ќе треба да добијат дозвола од ЈПДП за изградба на нови објекти, како и за постојните објекти да останат во рамките на 40-метарската безбедносна тампон зона.

2.3.4. За Проектот ќе биде потребно и привремено зафаќање на земјиштето заради: патеки за пристап и дотур; градилишни паркинзи и кампови; привремени складишта за материјали и почва; исечени дрвја и сл. Но, во времето на изработката на оваа Рамка, не беа достапни информациите за потребните привремени зафаќања на земјиштето. Откако ќе се фиксира конечниот проект и трасата, овие информации ќе се потврдат и ќе се вклучат во ПОЗ.

### РЕЗИМЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД ЕКОНОМСКОТО И ФИЗИЧКОТО РАСЕЛУВАЊЕ

### РЕЗИМЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД ЕКОНОМСКОТО И ФИЗИЧКОТО РАСЕЛУВАЊЕ

2.3.5. Ефектите од економското и физичкото раселување најверојатно ќе бидат следниве:

- Во моментот 8 куќи во Долно Строгомиште ќе се најдат во непосредна близина на патното порамнување (или во рамките на 40-метарската безбедносна тампон зона), поради што ќе подлежат на отцепување на парчиња од нивните приватни земјишни парцели (на коишто се лоцирани нивните куќи), а и ќе бидат изложени на повисоки од вообичаените нивоа на прав, бучава, и емисии, како за време на изградбата така и за во текот на употребата на патот. Откако ќе се прегледа патното порамнување, ЈПДП и нивните проектанти ќе потврдат дали ефектите ќе бидат ограничени само на отцепување на овие парцели.
- Освен тоа, проектантите на патот во моментот размислуваат како да ги намалат ефектите врз 8-те домаќинства во ромската заедница во Певци (слика 2-5 на другата страница), од кои дел потенцијално ќе мора да се преселат, што значи дека потенцијално ќе дојде и до физичко раселување.
- Проектот, исто така, најверојатно ќе предизвика економско раселување, бидејќи некои од нивите кои локалните заедници во моментот ги обработуваат (со пченка, зелка и други едногодишни култури) ќе мора да се откупат за потребите на развивање на овој Проектот.

2.3.6. Понатамошните ефекти најверојатно ќе се состојат од:

- Врз основа на согледувањата од спроведените теренски посети во јули 2019 година, постојните внатрешни патишта, што се користат во селата, се тесни, некои со широчина помала од два автомобили. За време на консултациите во Долно Строгомиште, кои се одвиваа како дел од теренската посета, локалните жители напоменаа дека и блискиот железнички подвозник, кој се користи за пристап до селото, е толку тесен што возилата на брза помош често пати се мачат за да се пробијат. Информациите укажуваат на тоа дека тесните патишта може да станат проблематични и би можело да претрпат времени, но значителни ефекти во фазата на изградба.
- Во близината на патното порамнување (во рамките на 40 м од порамнувањето) постојат, сѐ на сѐ, три гробишта, и тоа: Градските гробишта во Кичево; гробиштата во Долно Строгомиште; и гробиштата во Црвивци.



**Слика 2-3 - Потенцијално физичко раселување на домаќинствата од ромската заедница во Певци (Извор: ОВЖСС, 2019)**

2.3.7. Повеќе детали за ефектите може да се најдат во Дел 5 од документот.

# 3 ПРАВНА И РЕГУЛАТОРНА РАМКА

3.1.1. Од Проектот се бара да ги исполни националните барања, закони и стандарди, како и тие на ЕБОР, имено PR5 на ЕБОР за откупот на земјиштето, недоброволното преселување и економско раселување.

## 3.2 НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА

3.2.1. Со Законот за експропријација (Службен весник на Република Македонија бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14 и 104/15) http://www.finance.gov.mk/mk/node/3102, се уредува постапката за експропријација на имот за проекти што се од јавен интерес и сродните права во однос на недвижности.

3.2.2. Изградбата на државни патишта спаѓа во категоријата на проекти од национален/јавен интерес, па во случајов, ЈПДП, како Носител на проектот, до надлежните имотно-правни органи ќе ја поднесе сета потребна проектна документација, заедно со барањето за експропријација на земјиштето.

3.2.3. Следниве закони го уредуваат располагањето со земјиштето, имотните права и откупот на земјиштето во Република Северна Македонија:

- Со Законот за Катастар на недвижности (Службен весник на Република Македонија 55/13) се уредуваат измените и дополнувањата во националниот катастар (Службен весник на Република Македонија бр. 115/14).
- Закон за националната инфраструктура на просторните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 38/14).
- Закон за облигационите односи (Службен весник на Република Македонија бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09).
- Со Законот за експропријација (Службен весник на Република Македонија бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14 и 104/15) се уредува процесот на експропријација на имот, вклучително и земјиште, објекти и други добра за потребите на градежни и други активности за кои се смета дека се од јавен интерес.

3.2.4. Според Законот за експропријација на Република Северна Македонија, надоместокот не смее да биде понизок од пазарната вредност на засегнатиот имот, а се пресметува по основ на скорешен пазарен промет во соседните области. Пазарната вредност на експропријаната недвижност се одредува од страна на овластен проценител/геометар согласно Законот за процена. Согласно законот, надоместокот може да се даде или во форма на заменски имот или во готовина. Кога како надомест за експропријаното добро ќе се понуди друга недвижност, истата треба да има приближна вредност со вредноста на експропријаното добро. Националното законодавство допушта и надоместување за загубената добивка/приход од засегнатите деловни активности, доколку таквото сценарио било предизвикано со процесот на експропријација. Сопственикот на доброто што се експроприра има право на надомест за сите растенија/култури, засеани ниви, шуми на земјиштето и овоштарници, под услов да не се веќе вклучени во пазарната вредност на самото земјиште.

3.2.5. Со овој Закон се признава и времено зафаќање на земјиштето, вклучително и за:

- Привремено заземање на земјиштето заради спроведување на детални геолошки истражувања за минерални суровини, во согласност со Законот за минерални суровини –

привременото заземање може да трае до шест години од денот на предавање во владение, односно, до истекот на периодот за кој е одобрено деталното геолошко истражување, и

- Привремено заземање на соседното земјиште за потребите на градежните и изведбените работи од јавен интерес – привременото заземање на соседното земјиште може да трае во период од најмногу две години.

3.2.6. Надоместокот за ограничувањето на правото на сопственост врз земјиштето се одредува според пазарната вредност на закупнината за слично добро и времетраење на закупот. Доколку му се причини штета на сопственикот на доброто преку ограничувањето на неговото/нејзиното право на сопственост врз земјиштето, сопственикот има право на надоместок. Обесштетувањето во таквите случаи се одредува од случај до случај, од страна на овластен вештак, во согласност со Законот за вештачење.

3.2.7. Доколку, како резултат на привремено заземање на земјиштето, штетата по капацитетот на земјишната парцела и по земјоделскиот потенцијал стане неповратна, и повеќе не може да се користи на начин и за намени како пред ефектот од Проектот, сопственикот на земјиштето може да побара целосна експропријација на земјишната парцела во рок од една година од денот на завршувањето на привременото заземање од страна на Носителот на проектот или неговиот Изведувач.

3.2.8. Доколку, за време на процесот на експропријација, остатокот од засегнатата земјишна парцела значително се намали (создавајќи, на тој начин, „изолирано земјиште“), и може да повлијае врз економските интереси на сопственикот, тој/таа има право да побара да му се експроприра целата парцела и да му се даде целосен надоместок.

3.2.9. Сопственикот на експропририраното добро нема право на надомест за инвестициите вложени по доставувањето на предлогот за експропријација до надлежните органи (датум на пресек).

3.2.10. Надоместокот за сите експропририрани добра и трошоците за постапката ги сноси страната којашто го започнала процесот на експропријација.

3.2.11. Националниот закон не предвидува посебни мерки за ранливите групи. Општинските Центри за социјална работа може да пружат одредена помош, согласно Законот за социјална заштита. Овој Закон предвидува социјални плаќања и услуги за ранливите жители, како што е утврдено со закон. Еден од важните аспекти на социјалните плаќања, согласно законот, е што се предвидува правото на лицето да му биде доделена еднократна социјална помош кога лицето ќе се најде во ситуација на ненадејна или привремена потреба, односно, на пример, кога имотот на кој живее ќе се експроприра.

3.2.12. Од Центрите за социјална работа може да се обезбеди и дополнителна помош за задоволување на потребите на лицата со попреченост, едночлените домаќинства, домаќинствата со ниски примања и др. Република Северна Македонија исто така располага со сет на закони со кои на засегнатите лица може да им се помогне да си го подобрат животниот стандард (на пр., пристап до здравствена заштита, образование, лични документи, социјално домување и др.) и овие закони може да се искористат како основа за изработка на идните акции за преселување/обновување на средства за живот / егзистенција, особено за ранливите групи.

3.2.13. На ранливите лица може да им се обезбеди правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош, и тоа од страна на правници од Министерството за правда и од неколку избрани граѓански здруженија.

3.2.14. Следниве се клучните аспекти на Законот за експропријација:

- Надоместок – Надоместокот во член 18 се утврдува како: „За експроприраниот имот припаѓа праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на имотот. Пазарната вредност на имотот се утврдува под услови и начин утврдени со овој закон, според методологија, правила и стандарди согласно со Законот за процена.“ Во член 18 исто така се вели дека „Правото да се бара надоместок за експроприраниот имот не застарува“;
- Член 37 вели дека пазарната вредност на експроприраниот имот и на имотот што се дава како надоместок ја утврдува овластен проценител согласно Законот за процена;
- Надоместокот за експроприраниот имот се определува во пари, освен ако Носителот на проектот и засегнатиот сопственик на доброто не се договорат за надомест во натура или преку обезбедување на заменско добро;
- Сопственикот на експроприраниот имот има право на надомест и за посевите, растенијата и дрвјата што се наоѓаат на неговото/нејзиното земјиште. Вредноста на посевите, растенијата, дрвјата (и нивните приноси) обично се пресметуваат како посебна ставка во обесштетувањето;
- Сопственикот на имотот нема право на надомест за инвестициите вложени по датумот на доставувањето на предлогот за експропријација (датум на пресметка), согласно член 40.

## 3.3 ОПИС НА ПОСТАПКАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

3.3.1. Постапката за експропријација се состои од следниве чекори:

3.3.2. ЈПДП ја започнува постапката за експропријација така што доставува предлог до Државниот правобранител. Предлогот за експропријација содржи податоци за:

- ЈПДП – како субјект предлагач на експропријацијата;
- Сиот имот и добра за кои се предлага експропријацијата;
- Список на сопственици на таквите добра и имоти (име, живеалиште, престојувалиште и сл.);
- Податоци за сите важечки права поврзани со недвижноста што се предлага за експропријација (сопственикот, закупецот и сл.); и
- Видот на проектот/работите за кои се предлага експропријацијата.

3.3.3. Согласно Законот за експропријација, за предлогот за експропријација потребни се и следниве дополнителни документи:

- Извод од актот за планирање на просторот или одобрен проект за инфраструктура;
- Геодетски елаборат за нумерички податоци за недвижноста за која се предлага експропријацијата;
- Висината на надоместокот за недвижноста за која се предлага експропријацијата во висина на пазарна вредност на недвижноста утврдена од овластен проценител согласно Законот за процена, како и динамиката на исплатата на надоместокот;
- Имотен лист за недвижноста за која се предлага експропријацијата; и

- Доказ за обезбедени средства за надомест.

## 3.4 ПОНАТАМОШНИ ЧЕКОРИ ШТО ГИ ПРЕЗЕМААТ НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ

3.4.1. Државниот правобранител, врз основа на добиениот предлог, ги проверува сите документи и својата одлука ја доставува до Министерството за финансии, Управа за имотно-правни работи (тело надлежно за експропријација), коешто го потврдува предлогот за експропријацијата. По приемот на одлуката, телото за експропријација (во случајов, ЈПДП):

- го доставува предлогот за експропријација со сите релевантни документи до сопственикот (а каде што важи, и до корисниците) на имотот за кој се предлага експропријацијата, во рок од пет дена од денот на приемот на одлуката од Државниот правобранител;
- го доставува предлогот за експропријација и геодетскиот елаборат до Агенцијата за Катастар на недвижности, за да ги достават своите забелешки, во рок од пет дена од денот на приемот на одлуката од Државниот правобранител.

3.4.2. Телото за експропријација потоа закажува расправа/средба за предлогот за експропријација, на којашто ги поканува сопственикот на имот и (каде што важи) неговите корисници, за да го договорат процесот на експропријација. Доколку сопственикот на може да се најде, се назначува привремен претставник на вистинскиот сопственик, со цел да не се оддолжи процедурата.

3.4.3. Расправата/средбата може да заврши со четири различни исходи:

**Договор за надомест**

3.4.4. Со договорот се одредува висината на надоместокот, и дали ќе се обезбеди во готовина или преку заменско добро (со слична пазарна вредност), како и роковите за сите договорени плаќања. Постигнатиот договор се документира и го потпишуваат сопствениците на доброто, како и (каде што важи) корисниците на доброто.

3.4.5. Потпишаниот договор ја дава правната основа за експропријацијата и за договорениот начин на надомест. Потпишаниот договор, исто така, претставува основа за менување на сопственичките права врз доброто откако ќе се исплати износот на надоместокот.

**Присилна одлука за експропријација**

3.4.6. Кога нема да може да се постигне договор, телото за експропријација подготвува и доставува последователен сет на документи до органот за експропријација (Државниот правобранител) со докази за одржаната средба со сопствениците, за понудениот надоместок, и причините поради кои сопственикот ја одбил понудата. Државниот правобранител е должен својата конечна одлука да ја донесе во рок од 20 дена од приемот на предлогот за експропријација и дополнителниот сет на документи.

**Понатамошно упатување на суд**

3.4.7. Жалба против одлуката за експропријација од Државниот правобранител може да се вложи до Управниот суд во рок од 15 дена од денот на доставувањето на одлуката за експропријација. Доколку против одлуката не се вложи жалба, ЈПДП може да го користи имотот (т.е. ЈПДП добива пристап до засегнатиот имот), додека, пак, процесот на

преговарање за надоместот продолжува да тече дури двете страни не постигнат конечен договор.

**Постапка за надомест**

3.4.8. Предлагачот на експропријацијата (во случајов, ЈПДП) е должен, во рок од 30 дена од кога судската одлука за надоместот ќе стане правосилна, да го исплати целосниот износ на надоместокот за експроприраниот имот.

3.4.9. Доколку ЈПДП не го плати надоместокот во полн износ во рок од 30 дена, тогаш е должен да плати надоместок на штета, односно, дневна камата според референтната стапка на Народната банка на Република Северна Македонија.

3.4.10. За привремено зафаќање на земјиштето, прашањата поврзани со обезбедување на надоместокот за оштетено земјиште и добро, исто така, може да се решат преку спроведување на Законот за облигациони односи. Начелно, законот налага да се обезбеди готовински надоместок за формалните законски сопственици на земјиштето и добрата (или оние чии права се признаени согласно националните закони) за штетите или загубите претрпени како резултат на активностите на Изведувачот. Во таков случај, обесштетувањето се плаќа откако ќе настане штетата и/или загубата. Случаите кога странката што ја предизвикала штетата/загубата и засегнатото лице не се согласни за висината на надоместокот, вообичаено се упатуваат на судска разрешница.

## 3.5 РЕЗИМЕ НА БАРАЊАТА НА ЕБОР

3.5.1. Начелата од БУ5 на ЕБОР, кои се однесуваат на економското и физичкото раселување, може да се резимираат на следниов начин:

- Да се избегне, или, во најмала рака, да се минимизира економското и физичкото раселување предизвикано од Проектот, секогаш кога е тоа изводливо и по пат на испитување на алтернативни проектни решенија; доколку раселувањето е неизбежно, тогаш треба да се изготви соодветна рамка или план за обновување на средства за живот / егзистенција или за преселувањето;
- Да се ублажат штетните социјални и економски ефекти од откупот на земјиштето или од ограничувањето на употребата и пристапот до земјиштето, физичките добра или природните ресурси за засегнатите лица, така што ќе се поведе сметка активностите за обновување на средства за живот / егзистенција да се испланираат и спроведат со соодветно обелоденување на информациите, консултации, и информирано учество на засегнатите лица;
- Да се подобрат условите за живот на физички раселените лица преку обезбедување на соодветно домување;
- На луѓето кои немаат законско побарување врз земјиштето што го настануваат, Носителот на проектот да им понуди избор од повеќе опции за соодветно домување со загарантиран закуп, така што да може да се преселат законски, без да се соочат со ризикот од присилно иселување;
- Врз основа на консултациите со раселените лица, Клиентот да понуди помош за преселувањето којашто ќе биде достаточна за да може да си го обноват, а кога тоа е можно, и да си го подобрат стандардот на живеење на соодветна алтернативна локација;
- Да се подобри, или во најмала рака да се обнови средства за живот / егзистенција, можноста за заработка и животниот стандард на раселените лица, вклучувајќи ги и оние

која немаат законски признаени права или побарувања врз земјиштето (присутни во областа засегната со Проектот на датумот на пресекот), на ниво пред Проектот, и да им се помогне во периодот на транзиција;
- Да се направат посебни одредби за помош на обесправените или ранливите поединци и групи (присутни во областа засегната со Проектот на датумот на пресекот) коишто може да бидат многу полошо засегнати со раселувањето одошто другите, и коишто може да бидат ограничени во своите способности да побараат или исползуваат помош за средства за живот / егзистенција и сродните придобивки за развој; и
- Да се воспостави механизам за поплаки заради прием и благовремено решавање на конкретните грижи што раселените лица ќе ги искажат околу раселувањето и обновувањето на средства за живот / егзистенција.

3.5.2. Горниот список е само резиме на барањето PR5 на ЕБОР, и истиот има дејство само преку упатување на целосниот текст на важечката политика:

http://www.ebrd.com/news/publications/policies/environmental-and-social-policy-esp.html.

## 3.6 КЛУЧНИТЕ РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО И БАРАЊАТА НА ЕБОР И ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ДЕЈСТВИЈА

3.6.1. Клучниот јаз помеѓу законот на Република Северна Македонија и PR5 на ЕБОР, којшто е релевантен за овој Проект, може да се резимира како што е дадено подолу во табела 3-1. Преселувањето и исплатата на надоместокот на засегнатите лица ќе се спроведат во согласност со важечката национална законска рамка и БУ5 на ЕБОР. Доколку се појават недоследности помеѓу националните закони и барањата на ЕБОР, ќе се усвои оној стандард којшто е построг. Овој документ (вклучувајќи ја и последователната Матрица на правата и критериумите за квалификуваност) содржи мерки за премостување на јазовите.

**Табела 3-1 – Клучните разлики помеѓу националното законодавство и барањата на ЕБОР**

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| **Избегнување и минимизирање на недоброволното раселување** | Законот за просторно и урбанистичко планирање вели дека целта на таквото планирање, меѓу другото, е да се осигура организирана и рационална употреба на просторот, како и подобрување на животните и работните услови на граѓаните (член 4). | Да се избегне или минимизира недоброволното раселување така што ќе се истражат алтернативни проектни решенија. Заемопримачот ќе ги разгледа алтернативните проектни решенија за да се избегне или минимизира раселувањето. | ЈПДП ќе настојува да го минимизира физичкото и економското раселување. Сите алтернативи и мерки што се земаат во предвид за да се избегне или минимизира негативниот ефект ќе се евидентираат во периодичната комуникација со Банката. |
| **Планирање на откупот на земјиштето, надоместот, преселувањето и обновувањето на средства за живот / егзистенција** | Македонските закони не бараат да се изготват рамки/планови за преселување или обновување на средства за живот / егзистенција. | Доколку Проектот може да предизвика економско или физичко раселување, во Рамката ќе се постават општите начела, постапките и правата согласно барањата PR5 на ЕБОР. Штом ќе се дефинираат поединечните проектни компоненти и потребните информации ќе станат достапни, рамката ќе послужи како основа за изработка на детален акциски план за преселувањето или план за обновување на средства за живот / егзистенција, Resettlement Action Plan (RAP) или Livelihood Restoration Plan (LRP). | ЈПДП ќе изработи План за откуп на земјиштето (ПОЗ). |

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| **Учество и консултација** | Нема посебни барања, туку во правната рамка од Законот за експропријација се зборува за ангажирање на сопствениците и корисниците на имотот. | ЕБОР бара, по обелоденувањето на сите релевантни информации, Носителот на проектот да се консултира со засегнатите лица и заедници, и да го олесни нивното благовремено и информирано учество во процесот на одлучување во однос на потенцијалното раселување, согласно PR10:<br>▪ На засегнатите лица ќе им се даде можност да учествуваат во преговорите за пакетите за надомест, барањата за квалификуваност, помош за преселувањето, погодност на предложените локации за преселување, и предложените рокови.<br>▪ Посебни одредби важат за консултации во кои треба да се вклучат поединци од ранливите групи.<br>▪ Консултациите ќе продолжат за време на спроведувањето, набљудувањето и оценувањето на плаќањата на надоместоците и преселувањето, за да се добијат резултати доследни со целите на PR5 и PR10. | ЈПДП се консултираше со локалните верски лидери во проектната област, но допрва треба да започне со својата програма за консултации. До денеска, не се спроведени пошироки консултации со локалните жители или ромските домаќинства.<br>ЈПДП ќе ги консултира засегнатите лица и заедници (вклучувајќи ги и ранливите групи и поединци) како што е дефинирано во Планот за вклучување на чинителите (ПВЧ) од Проектот. |

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| **Квалификуваност за надомест** | Законот за експропријација им ја признава квалификуваноста на лицата кои имаат формални законски права врз земјиштето и објектите, а се запишани во Катастарот на недвижности, како и на оние чии права може да се признаат (или може да се легализираат) согласно националните закони (фактичка сопственост).<br><br>Важна одлика на македонскиот Закон за експропријација е што допушта надомест и за објектите што се изградени неформално (т.е. без важечка дозвола).<br><br>Надоместокот за објектите изградени | PR5 на ЕБОР ги признава оние кои немаат законско право или побарување врз земјиштето што го населуваат на датумот на пресекот. Таквите луѓе се квалификувани за помош за рехабилитација и надомест за загубите од неземјишни добра по заменска вредност, па и тие треба да се вклучат во процесот на консултација. | Надоместокот и помошта на ЛЗП без законско право или побарување ќе се обезбеди врз основа на начелата и правата дадени во Матрицата на правата од овој документ, доколку се присутни во областа засегната од Проектот на датумот на пресекот. Ќе се спроведе попис на добрата и процена на нивните засегнати имоти и сите мерки ќе се евидентираат како дел од истражувањето за попишување на населението и добрата. |

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| | без важечка дозвола се одредува во висина која одговара на нивната градежна вредност, односно пазарната вредност на материјалите и трошокот за работна сила. | | |
| **Методологија на процена на надоместот** | Надоместокот за засегнатите имоти и добра треба да биде најмалку еднаков на пазарната цена. Депрецијацијата обично се одбива од надоместот (или се вклучува, со намалување на процената на вредноста на пазарната цена). Законот за експропријација не кажува ништо конкретно за надоместување на трошоците за таксите за упис и даноците за пренос. | Надоместокот треба да биде еднаков на полниот износ на заменскиот трошок без депрецијација. | ЈПДП ќе води сметка надоместокот да биде најмалку еднаков на заменската вредност, како што е дадено во Матрицата на права од овој документ. |

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| **Обновување на средства за живот / егзистенција** | Македонскиот закон не предвидува никаква помош за време на кој било вид на раселување или мерки за помош за средства за живот / егзистенција, како што е развивање на вештини за алтернативни средства за живот / егзистенција или обезбедување на поволни кредити или можности за вработување. | PR5 на ЕБОР содржи барања за обновување на средства за живот / егзистенција со цел да се возобноват приходите и стандардот на живеење на раселените лица на ниво од пред Проектот (како за лицата со формално така и за тие со неформално право врз земјиштето). Обезбедување на надомест за засегнатите култури или обесштетување на корисниците на засегнатото земјиште кои може да не се сопственици, вклучувајќи ги и неформалните корисници кои не би имале право на тоа согласно националното законодавство. | ЈПДП ќе ги спроведе следниве мерки за обновување на средства за живот / егзистенција како дел од спроведувањето на ПОЗ:<br>▪ Помош за утврдување на пристапот до активности за поинаков извор на приходи/живеачка во непрекината соработка со Агенцијата за вработување во проектната област; и<br>▪ За оние на кои средства за живот / егзистенција значително им зависи од земјиштето, ЈПДП ќе организира и обезбеди советување за: пчеларство, мало стопанство и/или ефикасни земјоделски методи за да се олеснат алтернативни текови на приход;<br>▪ Пристап до можности за вработување што ќе ги создаде Проектот (на пр., за време на изградбата). |
| **Датум на пресек** | Не постои конкретна одредба за датумот на пресек според кој ќе се одредува квалификуваност за надоместот. | ЕБОР налага датумот на пресек да ги оневозможи опортунистичките побарувања.<br><br>Со пописот ќе се утврдат луѓето што ќе бидат засегнати од Проектот, ќе се одреди кој ќе биде квалификуван за надоместот и помошта и, со поставување на датумот на пресекот, ќе се обесхрабри прилив на луѓе кои не се квалификувани за овие придобивки (на пример, опортунистички диви станари). | Датумот на завршувањето на пописот на населението и имотот ќе се смета за датум на пресек за квалификуваност.<br><br>Информациите за датумот на пресек уредно ќе се документираат и ќе се дисеминираат низ проектната област. |

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| **Ранливи поединци и групи** | Македонскиот закон не предвидува посебни мерки за ранливите групи. Општинските Центри за социјална работа може да пружат одредена помош, согласно Законот за социјална заштита. Овој Закон предвидува социјални плаќања и услуги за ранливите жители, како што е утврдено со закон. Едно од социјалните плаќања што се достапни согласно законот се и еднократните финансиски надоместоци за оние што ќе се најдат во состојба на ненадејна или привремена потреба, вклучувајќи ја и потребата од сместување.<br><br>Од Центрите за социјална работа може да се обезбеди и дополнителна помош за задоволување на | Некои ЛЗП може да се сметаат за повеќе ранливи одошто повеќето од засегнатото население и, доколку бидат засегнати од Проектот, ќе имаат потреба од спроведување на посебни мерки за обновување на средства за живот / егзистенција и/или помош. Во овие групи може да спаѓаат:<br><br>▪ Неформални корисници на засегнатото земјиште кои немаат свој сопствен извор на приходи или добра;<br>▪ Сопствениците на неформалните станбени објекти (изградени без градежна дозвола), кои немаат друг имот или место на живеење;<br>▪ Лица кои зависат од засегнатото земјиште, коешто е единственото земјиште што го поседуваат или користат;<br>▪ Постари едночлени домаќинства, домаќинства со самохрани родители и др.;<br>▪ Лицата кои ќе бидат засегнати со физичкото и/или економското раселување, кои живеат под националниот праг на сиромаштија;<br>▪ Неписмени луѓе кои може да наидат на потешкотии во пристапувањето до информациите за Проектот и | За време на пописот на населението и социо-економското истражување, ЈПДП ќе ги утврди ранливите ЛЗП, вклучувајќи ги и постарите жени, и ќе ги ангажира и нив и другите ранливи групи во дискусија преку фокусни групи.<br><br>Можно е да постојат случаи кога поединците се всушност сопственици, но, немаат соодветна документација за сопственоста, за да го докажат сопственичкиот статус, и за да може да потпишат договори за надомест. Тоа може да се должи на незавршени наследни постапки или незапишани купопродажни договори и сл. ЈПДП ќе даде поддршка за да се решат овие проблеми.<br><br>Помошта за преселувањето ќе се одреди во однос на конкретните потреби на засегнатите лица. Помошта ќе се дава во соработка со општинските Центри за социјална работа. Ваквата помош многу често им се дава на ранливите домаќинства коишто физички или економски се раселуваат поради проект, а вклучува:<br><br>▪ Правна помош;<br>▪ Доколку е неопходно, помош за стекнување со лични документи, за пристапување до услугите што се достапни согласно националното законодавство;<br>▪ Помош за пристап до социјална заштита;<br>▪ Помош за децата да се запишат на училиште; и<br>▪ Помош за пристап до здравствена заштита и др. |

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| | потребите на лицата со попреченост, едночлените домаќинства, домаќинствата со ниски примања и др. Република Северна Македонија исто така располага со сет на закони со кои на засегнатите лица може да им се помогне да си го подобрат животниот стандард (на пр., пристап до здравствена заштита, образование, лични документи, социјално домување и др.) и овие закони ЈПДП може да ги искористи како основа за понатамошна разработка на програмите за обновување на средства за живот / егзистенција, особено за ранливите групи.<br><br>На ранливите лица може да им се обезбеди правна помош согласно | откупот на земјиштето или со разбирањето на договорите и другите важни документи и др. | |

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| | Законот за бесплатна правна помош, и тоа од страна на правници од Министерството за правда и од неколку избрани граѓански здруженија. | | |
| **Механизам за поплаки** | Националните закони ги утврдуваат правата на засегнатите граѓани (оние со формални земјишни права) да поднесат жалби до судовите за време на процесот на експропријација, но, не се наложува креирање на посебен механизам за поплаки. | Одредбите од PR5 на ЕБОР налагаат да се воспостави механизам за поплаки колку што е можно порано во процесот, за навремено да се добиваат и решаваат конкретните грижи кои раселените лица ќе ги искажат околу надоместот и преселувањето, вклучително и механизам за обештетување наменет за непристрасно решавање на споровите. Резимеата од поплаките и мерките преземени за нивното решавање треба редовно да се објавуваат. | Механизам за поплаки беше воспоставен од страна на ЈПДП за потребите на Проектот, па сепак, не беа добиени голем број на поплаки до денес, бидејќи сè уште не се започнати активностите за расчистување на земјиштето и изградбата.<br><br>Се претпоставува дека ЈПДП и неговите Изведувачи ќе работат заедно за да се овозможи лицето на ЈПДП задолжено за врски со заедницата и таквото лице на Изведувачот да работат заедно на решавање на сите поплаки поврзани со откупот на земјиштето и преселувањето. |
| **Пристап до имотот/земјиштето пред надоместот** | Согласно Законот за експропријација и Законот за градење, на Изведувачот може да му се одобри пристап до земјиштето и пред да се исплати надоместокот. | ЕБОР налага пристапот до локацијата да се дозволи по плаќањето на надоместокот. | ЈПДП ќе се заложи да не се дозволи пристап или влез на имотот пред да се постигне договорот за надомест.<br><br>▪ Се предлага да се спроведе следниов процес за пристапот на Изведувачот до имотот откако ќе се постигне договорот за надомест, но пред да се исплати надоместокот:<br><br>• Износот на име надомест ќе се уплати на старателска сметка, а примерок од |

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| | | | уплатницата ќе му се даде на сопственикот на имотот;<br>• Во случај земјиштето / негов дел да се оштети, ќе се договори и дополнителен надоместок и ќе се уплати на име на обесштетување.<br>• ЈПДП ќе ги следи националните закони за плаќање казни во случај на задоцнета уплата на надоместокот, согласно Народната банка на Северна Македонија, а овој казнен износ ќе му се плати на сопственикот на имотот покрај износот на надоместот што веќе му/ѝ следува;<br>• Ќе се обезбеди и друга помош, што ќе се одредува од случај до случај.<br>▪ ЈПДП блиску ќе соработува со релевантните институции задолжени за процесот на експропријација, за да се осигура дека сиот надоместок ќе биде исплатен во рок од 30 дена, како што пропишува законот. |

| Клучни аспекти | Национално законодавство | Барањата PR5 на ЕБОР | Дејствија за затворање на јазот |
|---|---|---|---|
| **Набљудување и оценување** | Не постојат барања за набљудување и оценување на процесите на преселување и на обновување на средства за живот / егзистенција, ниту за нивните исходи. | Набљудувањето на процесите на преселување и на обновување на средства за живот / егзистенција ќе се изврши согласно БУ1 на ЕБОР и треба да го вклучи учеството на клучните чинители, како што се засегнатите заедници. Треба да се напише завршен извештај откако ќе се завршат сите инпути во процесот, вклучително и развојните иницијативи. Во извештајот може да се утврдат и дополнителни дејствија што Клиентот треба да ги исполни. | ЈПДП ќе воспостави постапка за набљудување за да го оценува и вреднува спроведувањето на РОЗ и ПОЗ. Сиот промет за откуп на земјишните права, како и мерките за надомест, активностите за преместување и помошта за преселување ќе се документираат во ПОЗ.<br>ЈПДП ќе соработува заедно со Единицата за спроведување на Проектот (ЕСП) којашто ќе се основа за да се помогне во спроведувањето на Проектот и, како дел од нејзините задолженија, ќе го поддржи подготвувањето на ПОЗ и ќе го набљудува спроведувањето на релевантните одредби од РОЗ.<br>По завршувањето на процесот на откупот на земјиштето, ќе се спроведе завршна ревизија од страна на независен консултант, за да се провери дали процесот бил спроведен во согласност со ПОЗ и барањата од PR5 на ЕБОР. |

# 4 НАЧЕЛА, ЦЕЛИ И ПОСТАПКИ

## 4.1 ЦЕЛИ

4.1.1. Следниве се **целите** на оваа Рамка:

- Да се избегне или минимизира недоброволното раселување (вклучувајќи ги и физичкото и економското).
- Да се земат предвид алтернативни проектни решенија за да се избегне, или барем да се минимизира раселувањето, а при тоа да се урамнотежат еколошките, социјалните и финансиските трошоци и придобивки.
- Доколку се докаже дека е неизбежно да се изврши физичко раселување на ромските семејства, ЈПДП ќе помогне во обезбедувањето на нивното социјално домување и другите придобивки на кои имаат право, согласно националните закони опишани погоре, но и во подобрувањето на нивната живеачка и животниот стандард.
- Да се ублажат штетните социјални и економски ефекти од откупот на земјиштето или ограничувањето на засегнатите лица да го употребуваат земјиштето или да му пристапат.
- Да се обезбеди надомест за загубата на засегнатите добра во износ на заменскиот трошок (вклучувајќи ги и сезонските производи што се одгледуваат за лична употреба).

## 4.2 НАЧЕЛА

4.2.1. Следниве се **начелата** на кои почива оваа Рамка, и кои ќе се почитуваат за време на спроведувањето на Проектот:

- Откупот на земјиштето ќе се изврши во согласност со **важечките закони на Северна Македонија** (како што е опишано погоре), Политиката за животна и социјална средина на ЕБОР од 2015 година и БУ5 (откупн на земјиште, недоборолно преселување и економско раселување), оваа Рамка (ПОЗ) и добрата меѓународна пракса, и сите јазови соодветно ќе се надминат, за да се оствари ова начело;
- **Сите засегнати лица (вклучувајќи ги и ранливите групи и поединци, вклучувајќи ги и ромските семејства) ќе бидат информирани и консултирани** за време на подготовката на Проектот и неговото спроведување, за да се олесни нивното навремено учество во процесот на одлучување, а поврзано со нивното потенцијално физичко раселување. Подеднакво, ќе се консултираат и локалните сопственици на земјиштето и локалните жители за да се осигура дека го сфаќаат процесот на откупот на земјиштето и нивните права, каде што важат. Обата вида на консултации ќе се спроведат во согласност со одредбите наведени во ПВЧ и ќе овозможат целна консултација со ранливите и потенцијално маргинализираните групи;
- За потребите на Проектот, **ЈПДП ќе изработи детален План за откуп на земјиштето (ПОЗ) во согласност со БУ5,** кој ќе ги опфати откупот на земјиштето, физичкото раселување (каде што е неизбежно), и економското раселување поради пренамената на земјиштето и на пристапот до ресурсите. Информациите и барањата содржани во идниот План ќе подлежат на јавно обелоденување и консултација. ПОЗ ќе се заснова на сигурни и ажурни информации и податоци (собрани за време на истражувањето за попис на населението и имотот) и ќе содржат основни информации за Проектот, ефектите од

Проектот, засегнатите луѓе и добра, правата на сите категории засегнати луѓе, како и сите правни прашања поврзани со откупот на земјиштето и раселувањето или евентуалните јазови помеѓу националното законодавство и БУ5. Планот исто така ќе содржи и детален буџет и распоред;

- **Истражувањето за попис на населението и имотот** за потребите на ПОЗ ќе ги утврди и формалните и неформалните сопственици на земјиштето и корисниците на земјиштето, вклучувајќи ги и ранлив лица/домаќинства, како што се Ромите и другите етнички малцинства, самохраните мајки, вдовиците и вдовците, лицата со попреченост, постарите лица кои живеат сами или, пак, лицата што живеат во крајна сиромаштија. Истражувањето ќе помогне да се утврдат сите потенцијални засегнати лица, вклучувајќи ги и оние кои немаат законски признаено право или побарување врз земјиштето што го настануваат;
- **Датумот на пресек за утврдување на квалификуваноста** (и за формалните и за неформалните сопственици/корисници на земјиштето) ќе биде датумот кога ќе се заврши истражувањето за попис на населението и имотот, и тој датум ќе им се соопшти на сите национални јазици преку плакати во локалната област (во општинските згради, на општинските огласни табли, во службените простории на локалните заедници и др.), и дополнително јавно ќе се обелодени и рашири, вклучувајќи ги и средбите за консултација во односните засегнати заедници. Лицата што ќе се населат во проектната област по датумот на пресекот нема да се квалификуваат за надомест;
- **Сите сопственици, станари/закупци и корисници** на засегнатите објекти и земјиште да датумот што ќе се земе како датум на пресек, без оглед дали имаат или немаат целосно признаено законско право или побарување, **ќе бидат квалификувани за надомест и/или помош**, како што е прикажано во матрицата на правата подолу;
- **Активностите поврзани со изградбата** ќе се организираат на начин што да се избегне и минимизира економското раселување т.е. да се осигура да не се блокираат пристапните патеки, а селаните и другите служби (на пр., за брза помош) да имаат неограничен пристап, и (каде што важи), да не се ограничува ниту пристапот до земјоделското земјиште и активностите за време на жетвата;
- **Животниот стандард и/или живеачката на засегнатите лица** ќе се возобнови, во што е можно пократок период;
- **Врз основа на националните закони и најдобрите практики, ќе се изврши официјална процена** на земјишните парцели/засегнатите добра/подобрувањето на земјиштето од страна на овластен вештак кој ќе води сметка да не се вклучува депрецијацијата;
- Надоместокот ќе се уплати пред раселувањето или наметнувањето на ограничувањето на пристапот. Прашањата поврзани со **плаќањето на готовинскиот надоместок (во полн износ на заменскиот трошок)** ќе се разговараат и договорат со сопствениците и со сите засегнати членови на домаќинствата. **Сиот надомест и сета помош за обновување на средства за живот / егзистенција подеднакво ќе им се пружат и на мажите и на жените**;
- **ЈПДП ќе се заложи да не се дозволи пристап или влез на имотот пред да се постигне договорот за надомест**. Се предлага да се спроведе следниов процес за пристапот на Изведувачот до имотот откако ќе се постигне договорот за надомест, но пред да се исплати надоместокот;
- Износот на име надомест ќе се уплати на заложна сметка, а примерок од уплатницата ќе му се даде на сопственикот на имотот;

- Во случај земјиштето/негов дел да се оштети, ќе се договори и дополнителен надоместок и ќе се уплати на име на обесштетување;
- ЈПДП ќе ги следи националните закони за плаќање казни во случај на задоцнета уплата на надоместокот, согласно Народната банка на Северна Македонија, а овој казнен износ ќе му се плати на сопственикот на имотот покрај износот на надоместот што веќе му/ѝ следува;
- Ќе се обезбеди и друга помош, што ќе се одредува од случај до случај;
- ЈПДП блиску ќе соработува со релевантните институции задолжени за процесот на експропријација, за да се осигура дека сиот надоместок ќе биде исплатен во рок од 30 дена, како што пропишува законот;
- **Ќе се обезбеди и додаток за преселба за лицата коишто ќе подлежат на физичко раселување. Еднакви износи на уплати на име додаток за преселба одвоено ќе им се обезбедат** и на засегнатите мажи и на засегнатите жени. Со ПОЗ ќе се одредат и обелоденат конкретните додатоци за преселба и поддршка на секоја група (врз основа на социо-економските податоци што ќе се соберат за време на истражувањето за пописот);
- **Луѓето и заедниците засегнати со Проектот ќе бидат информирани и консултирани** со цел да се олесни нивното навремено и информирано учество во процесот на одлучување поврзан со откупот на земјиштето и обновувањето на средства за живот / егзистенција. ЈПДП ќе го олесни пристапот до информациите и помошта за ранливите лица/домаќинства, од случај до случај, при што ЛЗП ќе се проверат за да се утврди дали се квалификуваат за релевантна социјална заштита;
- **Ќе се зајакне постојниот механизам за поплаки и ќе се оспособи да може навремено да ги прима и решава** сите општи и конкретни грижи што ЛЗП ќе ги искажат околу надоместот и обновувањето на средства за живот / егзистенција;
- ЈПДП ќе го **набљудува спроведувањето на откупот на земјиштето, сите видови на раселување и процеси на обновување на средства за живот / егзистенција преку внатрешни институционални механизми**, но и преку независен, надворешен набљудувач. Каде што е неопходно, ќе се преземат поправни мерки. Сиот промет и активности за откуп на земјиштето, како и мерките за надомест, активностите за преместување и помошта за преселување ќе се документираат.

## 4.3 ПРОЦЕС НА ОТКУП НА ЗЕМЈИШТЕТО, ПРЕСЕЛУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЖИВОТ / ЕГЗИСТЕНЦИЈА

4.3.1. Процесот на планирањето и спроведувањето на откупот на земјиштето и надоместот е осмислен така што да се следи националното законодавство и барањата на ЕБОР. Подолу се резимирани клучните чекори во процесот:

**Табела 4-1 – Список на активности што треба да се преземат**

| Клучни чекори | Активности што треба да се преземат во Проектот | Тековна состојба |
|---|---|---|
| Да се спроведат истражување за **попис на населението и имотот** и социо- | За да се исполнат барањата од PR5 на ЕБОР, ЈПДП ќе спроведе истражувања во проектната област за да се утврдат потенцијално чинителите.<br>**Физички раселените лица**: Собирање на податоци за оваа група на луѓе преку директно ангажирање. ЈПДП, исто така, ќе ги искористи податоците за да ги скрои | Истражувањата ќе се спроведат откако ќе се обелодени ажурираната РОЗ. |

| Клучни чекори | Активности што треба да се преземат во Проектот | Тековна состојба |
| --- | --- | --- |
| економско истражување. | предложените мерки за обновување на средства за живот / егзистенција што се содржат во овој документ и да го поддржи набљудувањето на откупот на земјиштето и процесот на обновување на средства за живот / егзистенција.<br><br>**Економски раселените ЛЗП/домаќинства**: ЛЗП чиешто земјиште се откупува ќе бидат поканети на средбите за консултација со ЈПДП и општинските власти, при што ЈПДП ќе спроведе истражување за да собере социо-економски податоци. Целта на спроведувањето на овие истражувања е да се соберат социо-економски податоци за ЛЗП со цел: да се утврдат конкретните потреби на поедините ЛЗП и секоја нивна ранливост поради која би им била потребна дополнителна поддршка за да си го обноват средства за живот / егзистенција поради загубата на своето земјиште; податоците исто така ќе послужат да му помогнат на ЈПДП подетално да ја разработи предложената помош и мерките за обновувањето на средства за живот / егзистенција што се содржат во овој документ, и ќе се искористат да се поддржи набљудувањето на откупот на земјиштето и програмата за обновување на средства за живот / егзистенција. | |
| **Да се утврди датум на пресек** заради квалификуваност. | За потребите на Проектот, датумот на пресекот со кој ќе се дефинира квалификуваноста ќе биде датумот кога ќе се завршат сите истражувања (види погоре). Датумот на пресекот однапред јавно ќе се обелодени и дисеминира (на сите национални јазици), за време на средбите за консултација во односните засегнати заедници. | Да се спроведат за време на консултациите со ЛЗП, како што е дефинирано во ПВЧ. ЈПДП ќе поведе сметка датумот на пресекот за квалификуваноста да им се објасни на ЛЗП и јавно да се обелодени. |
| Да се утврдат **ранливите луѓе/домаќинства**. | За време на истражувањата (како што е опишано погоре), ЈПДП прелиминарно ќе ги утврди ранливите ЛЗП, за да може да одреди каква дополнителна поддршка може да им се понуди, и тоа ќе се документира во ПОЗ што ЈПДП ќе го подготви. Каде што ќе биде потребно, за ова прашање ЈПДП ќе се поврзе со Центрите за социјална работа кога ги одредува надоместоците и мерките за обновување на средства за живот / егзистенција и ќе настојува и тие да се вклучат во процесот (согласно надлежностите на Центрите кон сите категории ранливи ЛЗП). Овој чекор ќе му овозможи на ЈПДП да ги утврди конкретните потреби и ранливости за да може подобро да ја обмисли поддршката што може да биде потребна за преселувањето и обновувањето на средства за живот / егзистенција. | Да се изврши за време на истражувањето |

| Клучни чекори | Активности што треба да се преземат во Проектот | Тековна состојба |
|---|---|---|
| Да се основа сеопфатен **механизам за поплаки** преку кој ќе се решаваат сите прашања и грижи поврзани со Проектот. | ЈПДП веќе располага со механизам за поплаки (МП) и, за потребите на овој чекор, истиот ќе го ревидира за да се осигура дека ќе бидат ставени на располагање достаточни ресурси за да се решат сите добиени прашања и коментари, да ги евидентира и да ги пријави до ЕБОР за да ги исполни барањата на ЕБОР за механизам за поплаки (Grievance Mechanism Guidelines, Section 3.1 and 3.2, https://www.ebrd.com/downloads/about/sustainability/grievance-mechanism.pdf) | ЈПДП да провери дали се достапни достаточни ресурси за поддршка на постојниот процес на МП. |
| Да се спроведат **консултации со утврдените ЛЗП** за да се дискутираат прашањата утврдени за време на истражувањето за попис на населението и имотот и преку МП. | ЈПДП ќе го предводи ангажирањето на чинителите со ЛЗП, како што е дефинирано во оваа РОЗ и ажурираниот ПВЧ. | Да се врши на тековна основа и при клучните меѓници на Проектот. |
| Да се изработи **детален План за откупот на земјиштето** (ПОЗ) и да се обелодени. | Врз основа на Рамката, а пред отпочнување на градежните работи и по завршувањето на истражувањата, ЈПДП ќе го подготви и обелодени ПОЗ за Проектот. | Да се изврши пред изградбата, а откако ќе се изготви Деталниот проект. |

# 5 ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

5.1.1. За време на теренските посети беше забележано дека некои од потенцијално засегнатите луѓе ќе влезат во категоријата на ранливи луѓе. Освен тоа, беше забележано и дека извесен број на имоти (станбени и нестанбени) може да се најдат во рамките на 40-метарската безбедносна тампон зона. Врз основа на овие согледувања, се предлагаат мерките наведени подолу.

## 5.2 ИМОТИ ЛОЦИРАНИ ВО РАМКИТЕ НА 40-МЕТАРСКАТА БЕЗБЕДНОСНА ТАМПОН ЗОНА

5.2.1. ЈПДП ја сфаќа важноста од безбедносната тампон зона и при финализирањето на трасата/порамнувањето внимателно ќе го разгледа опфатот потребен за изградбата на патот, како и опфатот на пристапните патеки, кабли или цевки (што може да бидат потребни). Ширината на безбедносна тампон зона ќе игра клучна улога за одредување на точниот број на куќи што ќе се најдат во рамките на зоната, а со тоа и на бројот на ЛЗП. ЈПДП ќе води сметка, преку внимателен избор на проектното решение, порамнувањето/трасата на патот и опфатот на Проектот, да го избегне или минимизира економското или физичкото раселување на локалните жители.

5.2.2. Мора да се забележи дека мнозинството (ако не и сите) од овие куќи најверојатно се диво градби т.е. биле изградени без законска градежна дозвола, а кои обично им се даваат на лицата веднаш штом ќе купат парцела земјиште.

5.2.3. Што се однесува до евентуалните идни градења на имотите во рамките на тампон зоната, ЈПДП ќе го спроведе важечкото законодавство со кое ќе се спречи идното градење на имотите во проектната област и во рамките на 40-метарската тампон зона. ЈПДП, исто така, јасно ќе им соопшти на локалните заедници дека оние кои по датумот на пресекот ќе продолжат со градење на нови објекти во рамките на 40-метарската тампон зоната, нема да добијат право на никаков надомест.

## 5.3 РАНЛИВИ ГРУПИ

5.3.1. Некои лица може да се сметаат за повеќе ранливи одошто повеќето од засегнатото население и, доколку бидат засегнати од Проектот, ќе имаат потреба од спроведување на посебни мерки за обновување на средства за живот / егзистенција и/или помош. Во овие групи може да спаѓаат:

- Ромските домаќинствата кои може да подлежат на физичко раселување;
- Сопствениците на објекти (изградени без градежна дозвола), кои немаат друг имот или место на живеење;
- Лица кои зависат од засегнатото земјиштето заради средства за живот / егзистенција/живеачка, коешто е единственото земјиште што го поседуваат или користат;
- Постарите едночлени домаќинства, домаќинствата на самохраните родители, многучлените домаќинства, или оние што живеат под прагот на сиромаштијата;
- Лицата што ќе бидат засегнати со физичкото и/или економското раселување, кои имаат низок социо-економски статус, на пр., корисниците на социјалната заштита;

- Неписмени луѓе кои може да наидат на потешкотии во пристапувањето до информациите за Проектот и откупот на земјиштето или со разбирањето на договорите и другите важни документи и др.

5.3.2. Ранливоста ќе биде оценета и потврдена врз основа на резултатите од истражувањето за попис на населението и имотот во проектната област, како и социо-економското истражување што ќе го спроведе ЈПДП за време на консултациите со сопствениците на земјиштето, а поточно ќе се дефинира како дел од идниот ПОЗ.

# 6 КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВА

## 6.1 КВАЛИФИКУВАНОСТ ЗА ПОМОШ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЖИВОТ / ЕГЗИСТЕНЦИЈА

6.1.1. Во овој дел е поместена Матрицата на правата којашто ги утврдува категориите на засегнатите луѓе и мерките на надомест на коишто имаат право. Матрицата е провизорна, бидејќи во неа се утврдени сите можни сценарија и групи на засегнати луѓе, додека пак идниот ПОЗ ќе содржи прочистена и прилагодена Матрица на правата што ќе ги содржи само категориите на засегнатите луѓе коишто ќе бидат утврдени за време на истражувањето за попис на населението и имотот. Матрицата прикажана подолу ги содржи правата согласно PR5 на ЕБОР. Матрицата на правата исто така ги утврдува и економските загуби и ефектите што Проектот ги има врз средства за живот / егзистенција. Овие загуби ги опфаќаат и потенцијалните загуби на земјоделското земјиште и секоја загуба на приходот како резултат на Проектот.

6.1.2. Предложените мерки за надомест ќе ја опфатат и помошта за преселување (кога физичкото раселување не може да се избегне), надоместокот за трошоците за прометот, како и советување за пчеларство и мало стопанство заради обновување на средства за живот / егзистенција како алтернативни текови на приход. Квалификуваноста за надоместот ќе се утврди врз основа на податоците од истражувањето за попис на населението и имотот. Датумот на завршувањето на истражувањето ќе послужи и како датум на пресек за квалификуваноста, но, луѓето со законски признаени формални побарувања ќе добијат можност да примат надомест и по датумот на пресекот.

6.1.3. ЈПДП ќе соработува со надлежните органи за да им се помогне на луѓето засегнати со Проектот така што ќе пристапат до алтернативни извори на издршка пред да се започне со градежните работи. ЈПДП, исто така, ќе обезбеди пристап до информации поврзани со Проектот и за можности за вработување на Проектот, а и ќе го олесни пристапот до информациите од Агенцијата за вработување.

## 6.2 МАТРИЦА НА ПРАВАТА

**Табела 6-1 – Матрица на правата**

| Ефект | Категорија на ЛЗП | Права |
|---|---|---|
| **ФАЗА ПРЕД ГРАДБАТА, ТРАЈНО ЗАФАЌАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО** | | |
| Загуба на земјиштето (главно шуми или земјоделско земјиште и/или пасишта, како и овоштарници или дел од станбена парцела). | Сопствениците на земјиштето – формалните сопственици со законски права или побарувања врз земјиштето. | ▪ Готовински надоместок во полн износ на заменски трошок или истоветно заменско земјиште;<br>▪ Сите трошоци за прометот (вклучително и нотарските такси, регистарските такси и проценителските такси) исто така ќе се надоместат во износ на трошокот;<br>▪ Право на жетва на постојните посеви;<br>▪ Надоместување на евентуалните оштетувања на имот во износ на заменскиот трошок;<br>▪ На овие луѓе исто така ќе им се надомести (готовина) и секоја постројка што ја користеле за земјоделско производство којашто не може да се отстрани од земјиштето, како и за засегнатите посеви и дрвја;<br>▪ Сите надоместоци ќе се исплатат во полн износ на заменскиот трошок, без одбитоци на име депрецијација (врз основа на извештајот и пресметките на независниот проценител). |
| | Формалните корисници на земјиштето (на пр., закупците со формални законски права). | ▪ Консултации и обезбедување информации за откупот на земјиштето најмалку два месеци однапред пред влегувањето на земјиштето, за да му се овозможи на закупецот да пронајде друго земјиште за закуп;<br>▪ Доколку, за време на истражувањето, се констатира дека ЛЗП е ранливо, тогаш ЈПДП ќе настојува да обезбеди дополнителна поддршка од Општината за да се изнајде алтернативно земјиште за формално закупување и да се обезбеди пристап до инфраструктурни услуги (водоснабдување и сл.). |

| Ефект | Категорија на ЛЗП | Права |
|---|---|---|
| | Неформалните корисници на земјиштето (без никакви формални права или побарувања) – ова може да важи за државното земјиште коешто вообичаено било неформално користено. | ▪ Консултации и обезбедување информации за формалниот откуп/експропријација на земјиштето и детали за Проектот најмалку два месеци однапред пред влегувањето на земјиштето, за да се овозможи на корисникот да пронајде друго земјиште;<br>▪ ЈПДП ќе обезбеди помош за добивање документи за да се уреди статусот на сопственишство врз земјиштето;<br>▪ Доколку, за време на истражувањето, се констатира дека ЛЗП е ранливо, тогаш ЈПДП ќе настојува да обезбеди дополнителна поддршка од Општината за да се изнајде алтернативно земјиште за формално закупување и да се обезбеди пристап до инфраструктурни услуги (водоснабдување и сл.);<br>▪ Каде што е возможно во границите на законската рамка, ќе се разгледаат можностите за обезбедување на закупот или формализирање на станарината. |
| Изолирано земјиште, т.е. дел од засегнатата земјишна парцела којашто нема да биде економски одржлива откако најголемиот дел од неа ќе подлежи на експропријација. | Сопствениците на земјиштето (формалните сопственици со законски права или побарувања врз земјиштето). | ▪ Доколку засегнатиот сопственик на земјиште упати барање согласно Законот за експропријација (член 20) и истото се прогласи за оправдано врз основа на извештајот од процена на вештакот, ЛЗП ќе добие готовински надоместок во полн износ од заменскиот трошок или истоветно заменско земјиште. |
| Загуба на едногодишни/повеќегодишни посеви и дрвја, вклучувајќи ги и овоштарниците. | Сопствениците на посеви и дрвја. | ▪ Каде што е возможно, ЈПДП ќе им дозволи на ЛЗП да ги ожнеат посевите. Доколку дојде до загуба на посевот, ќе се обезбеди готовински надоместок за едногодишните/повеќегодишните посеви/растенија во полн износ на заменскиот трошок. |
| Загуба на нестанбени објекти (на пр., шупи, амбари, огради, системи за наводнување и сл.). | Сопствениците на нестанбени објекти и инфраструктура (и формалните и неформалните). | ▪ Готовински надоместок во полн износ на заменскиот трошок;<br>▪ Додаток за преселба за подвижните добра, или помош за да се преселат. |

| Ефект | Категорија на ЛЗП | Права |
|---|---|---|
| Загуба на станбени објекти. | Сопствениците на станбените објекти/куќи. | ▪ Готовинскиот надоместок во полн износ на заменскиот трошок или истоветна заменска куќа;<br>▪ Сите трошоци за прометот (вклучително и нотарските такси, регистарските такси и проценителските такси) исто така ќе се надоместат во износ на трошокот;<br>▪ Надоместување на евентуалните оштетувања на имот во износ на заменскиот трошок;<br>▪ Помош за преселувањето, вклучувајќи го и додатокот за преселба или помош за преселба;<br>▪ Сите надоместоци ќе се исплатат во полн износ на заменскиот трошок, без одбитоци на име депрецијација (врз основа на извештајот и пресметките на независниот проценител). |
| | Формалните корисници (т.е. закупците) на станбените објекти/куќи. | ▪ Обезбедување на информации за откупот на куќата најмалку три месеци однапред пред уривањето, за да му се овозможи на закупецот да најде друго сместување;<br>▪ Додаток за преселба или помош при преселба. |
| | Неформалните корисници на станбените објекти/куќи | ▪ Обезбедување на информации за откупот на куќата/објектот најмалку три месеци однапред пред уривањето;<br>▪ Помош за преселувањето, вклучувајќи го и додатокот за преселба или помош за преселбата, доколку корисникот нема друго место на живеење (или со истражувањето е утврден како ранлив) тогаш на ЛЗП ќе му се обезбеди соодветно домување со осигуран закуп (т.е. социјално домување) за што ЈПДП ќе настојува да добие поддршка од Општината и Центарот за социјална работа. |
| Трајна загуба на изворот на приходи и/или живеачка поврзана со некоја од горните загуби, а особено средства за живот / | Сопствениците на земјиштето кои немаат друг извор на приходи или целосно зависат од формалната или неформалната земјоделска дејност. | ▪ Готовински надоместок за загубениот нето приход во времето на транзиција и за наредната година за да му се овозможи на ЛЗП да изнајде алтернативна парцела на којашто ќе ја продолжи својата економска дејност;<br>▪ Трошок за насадите за наредната сезона; |

| Ефект | Категорија на ЛЗП | Права |
|---|---|---|
| егзистенција од земјоделство. | | ▪ Помош за обновување на средства за живот / егзистенција (види подолу). |
| **ЕФЕКТИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗГРАДБАТА – ПРИВРЕМЕНИ ЕФЕКТИ** | | |
| Привремена загуба на земјиштето – потребно за време на периодот на изградбата т.е. земјиштето што е потребно за изградбата само заради пристап до градилиштето / складиштето / кампoвите / постројките. | Сопствениците на земјиштето (формалните сопственици со законски права или побарувања врз земјиштето). | ▪ Готовински надоместок во полн износ на заменскиот трошок за правото на употреба на земјиштето согласно договорот/спогодбата во текот на договорен временски период – врз основа на пресметката на надоместокот од страна на овластен проценител;<br>▪ Рехабилитација на земјиштето по неговата употреба. |
| | Формалните корисници на земјиштето (на пр., закупците со формални законски права врз земјиштето што го настануваат/користат). | ▪ Обезбедување информации за откупот на земјиштето најмалку два месеци однапред пред влегувањето на земјиштето, за да му се овозможи на закупецот да пронајде друго земјиште за закуп:<br>▪ Доколку, за време на истражувањето, се констатира дека ЛЗП е ранливо, тогаш ЈПДП ќе настојува да обезбеди дополнителна поддршка од Општината или друг(и) субјект(и) за да се изнајде алтернативно земјиште за формално закупување и да се обезбеди пристап до инфраструктурни услуги (водоснабдување и сл.). |
| | Неформалните корисници на земјиштето (без никакви формални права или побарувања врз земјиштето што го користат) – ова може да важи за државното земјиште коешто вообичаено било користено. | ▪ Консултации и обезбедување информации за привремените ефекти врз земјиштето и детали за Проектот најмалку два месеци однапред пред влегувањето на земјиштето, за да се овозможи на корисникот да пронајде друго земјиште;<br>▪ Доколку, за време на истражувањето, се констатира дека ЛЗП е ранливо, тогаш ЈПДП ќе настојува да обезбеди дополнителна поддршка од Општината или друг(и) субјект(и) за да се изнајде алтернативно земјиште за формално закупување и да се обезбеди пристап до инфраструктурни услуги (водоснабдување и сл.);<br>▪ ЈПДП ќе обезбеди помош околу осигурување на закупот. |

| Ефект | Категорија на ЛЗП | Права |
|---|---|---|
| Загуба на едногодишни/повеќегодишни посеви и дрвја, вклучувајќи ги и овоштарниците. | Сопствениците на посеви и дрвја. | ▪ Каде што е возможно, ЈПДП ќе им дозволи на ЛЗП да ги ожнеат посевите. Доколку дојде до загуба на посевот, готовинскиот надоместок за едногодишните/повеќегодишните посеви/растенија/дрвја во полн износ на заменскиот трошок ќе се плати пред да започне процесот на изградбата. |
| Привремена загуба на изворот на приходи и/или живеачка поврзана со некоја од горните загуби, а особено средства за живот / егзистенција од земјоделство. | Сопствениците на земјиштето (корисници кои немаат друг извор на приходи или целосно зависат од формалната или неформалната земјоделска дејност). | ▪ Готовински надоместок за загубениот нето приход во периодот на транзицијата (дури повторно не се воспостави деловната/економската дејност на друга локација);<br>▪ Помош за обновување на средства за живот / егзистенција (види подолу). |
| **РАНЛИВИ ЛЗП** | | |
| Секоја друга конкретна загуба/ефект врз ранливите групи што е поврзана со откупот на земјиштето заради Проектот, што ќе се утврди за време на истражувањето и изработката на ПОЗ. | Ранливите групи/поединци. | ▪ Посебни мерки за ефективното учество, надоместување, преселување или обновување на средства за живот / егзистенција ќе се дефинираат во ПОЗ за да се опфатат сите потенцијално засегнати ранливи групи, вклучувајќи ги постарите лица, жените и ромските семејства. |

## 6.3 ПОМОШ ЗА ПРЕСЕЛУВАЊЕТО И ОБНОВУВАЊЕТО НА СРЕДСТВА ЗА ЖИВОТ / ЕГЗИСТЕНЦИЈА

6.3.1. **Помош за преселувањето**: Помошта за преселувањето ќе се дефинира врз основа на исходот од пописот на населението и имотот, согласно конкретните потреби на засегнатите луѓе. Ваквата помош многу често им се дава на ранливите домаќинства коишто физички или економски се раселуваат поради Проектот, а може да вклучува:

- Помош за да се преселат ЛЗП во соодветно сместување со осигуран закуп. На пример, на ранливото домаќинство коешто нема друго место за живеење ќе му се помогне да се пресели во општински социјален стан, со долгорочен договор со кој ќе му се обезбеди закупот;
- Правна помош;
- Доколку е неопходно, помош за стекнување со лични документи/пасоши, за да се помогне во пристапот до услугите што му се достапни согласно националното законодавство;
- Помош за пристап до социјална заштита;
- Помош за запишување на децата на училиште;
- Помош за пристап до здравствена заштита и др.

6.3.2. Помошта за преселувањето исто така вклучува и обезбедување на додаток за преселба за членовите на домаќинство и за движните добра, или помош во преселувањето. Движните добра, по правило, вклучуваат мебел, опрема, лични предмети и др. Помошта во преселувањето ќе им се обезбеди на оние за коишто ќе биде утврдена таквата потреба за време на истражувањето за попис на населението и добрата. ЈПДП ќе соработува со институциите и организациите коишто може да обезбедат дополнителна помош, како што се општинските Центри за социјална работа или локалните организации кои работат со ранливите групи, за да им се помогне да пристапат до соодветните услуги.

### ПОМОШ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЖИВОТ / ЕГЗИСТЕНЦИЈА

6.3.3. Доколку спроведувањето на Проектот ќе доведе до трајна загуба на приходот или средствата за живеење (економско раселување), покрај надомест за засегнатото земјиште и добра, на ЛЗП ќе им се надомести и загубата на приходот за време на периодот на транзицијата, ЈПДП ќе спроведе мерки за обновување на средства за живот / егзистенција, по потреба, што во повеќе детали ќе се дефинира во ПОЗ. Иако, врз основа на очекуваните проектни ефекти, оваа помош не се очекува да биде прекумерно потребна, сепак, таквата помош може да вклучува:

- Пристап до можности за вработување што ќе ги создаде Проектот (на пр., за време на изградбата или оперативата – доколку ЛЗП располага со соодветните вештини);
- Надомест за одново воспоставување на деловните активности на друго место;
- Советување за пчеларство и мало стопанство за ЛЗП за да пристапат до други дејности за создавање на приходи/живеачка во иднина/развој на вештините;
- Создавање на конкретни можности за вработување на ЛЗП (чувари, чистачи и сл.);
- Помош за пристап до кредитни можности;
- Надомест или помош за транспортна опрема и механизација.

6.3.4. Помошта за обновувањето на средства за живот / егзистенција ќе им се даде на оние чијашто главна дејност за средства за живот / егзистенција ќе биде засегната од Проектот. ЈПДП ќе

соработува со институциите и организациите коишто може да ја понудат ваквата помош, како што се Општината, агенциите за развој на земјоделството што делуваат во проектната област, локалните даватели на услугите и др.

6.3.5. ПОЗ ќе добие како поддршка Водич за откуп на земјиште и компензација (ВОЗК). ВОЗК ќе биде резиме на ПОЗ што ќе го спроведе ЈПДП. Истиот ќе содржи информации за ЛЗП и ќе ги објасни клучните чекори од ПОЗ и зошто мора да бидат спроведени. ВОЗК ќе ги даде и начелата за компензација што ќе ги следи ЈПДП и детали за компензацијата и мерките за обновување на средства за живот / егзистенција што им следуваат на ЛЗП и како истите ќе може да се побараат. ВОЗК ќе даде одговор на често поставуваните прашања и детали за контакт во ЈПДП.

# 7 СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ОТКУП НА ЗЕМЈИШТЕТО И НАБЉУДУВАЊЕ

7.1.1. Во овој дел се наведени активностите што ќе се преземат за време на спроведувањето на оваа Рамка.

## 7.2 ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО И ИМОТОТ И СОЦИО-ЕКОНОМСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

7.2.1. **Откако ќе се фиксираат порамнувањето и трасата**, ЈПДП ќе назначи специјалисти кои, со помош од вработените во ЈПДП, доколку е неопходно, ќе спроведат истражување за попис на населението и имотот и социо-економско истражување, за да се опфатат сите ЛЗП што ќе бидат засегнати од Проектот. Доколку се потврди дека вкупниот број на овие лица се очекува да надмине над 100 луѓе, тогаш ќе биде поефикасно надворешна страна да го спроведе истражувањето.

7.2.2. Ќе се изработи база на податоци во Ексел и истата редовно ќе се ажурира со демографски и социо-економски подробности за ЛЗП, од тимот за животна и социјална средина (ЖСС), тимот за откуп на земјиште во рамки на ЈПДП. Крајот на истражувањето ќе се смета за датум на пресек, којшто ќе се договори помеѓу ЈПДП и ЕБОР, по што сите лица што ќе се преселат во проектната област или куќите што ќе се изградат во рамките на 40-метарската тампон зона нема да имаат право на надомест и помош за обновување на средства за живот / егзистенција. ЈПДП ќе им го најави датумот на пресекот на засегнатите лица и ќе им ги објасни неговите импликации. Обврската на ЈПДП ќе биде да работи со ромските ЛЗП коишто може да подлежат на физичко раселување и да им го обнови средства за живот / егзистенција, како што е опишано во Матрицата на правата.

## 7.3 УТВРДУВАЊЕ НА РАСПОЛОЖЛИВИТЕ УСЛУГИ И ПРОГРАМИ ЗА ПОДДРШКА НА РАНЛИВИТЕ ЛЗП

7.3.1. Вработените во Одделението за заштита на животна средина и социјални аспекти и вработените во Одделението за правни работи и подготовка на постапка за експропријација во ЈПДП ќе ги утврдат услугите и програмите за поддршка до кои може да се пристапи заради помош на ранливите ЛЗП. Тука спаѓаат програми и услуги што ги спроведуваат најразлични чинители во Општината и други субјекти. Тимовите ќе бидат во контакт со Секторите за вработување/човечки ресурси на ЈПДП за да водат сметка, секогаш кога ќе се укаже некоја прилика за вработување, ЛЗП кои располагаат со соодветните вештини да бидат информирани за таквата прилика и да им се помогне да се пријават.

7.3.2. ЈПДП ќе го набљудува напредокот на секое ранливо ЛЗП и ќе ја приспособува индивидуалната помош за која ќе се укаже потреба во текот на спроведувањето на Рамката, дури не се обнови целосно средства за живот / егзистенција кај ранливите ЛЗП.

## 7.4 НАБЉУДУВАЊЕ

7.4.1. ЈПДП ќе воспостави внатрешен систем за набљудување, кој ќе се состои од:

- Набљудување на напредокот на инпутите и аутпутите со што ќе се мери дали инпутите се испорачуваат на време и како што е дефинирано во РОЗ и идниот ПОЗ (сумирани во ВОЗК); и
- Периодично мерење на резултантните показатели наспроти појдовните услови, што се добиени од истражувањето.

7.4.2. Независниот, надворешен експерт за набљудување ќе биде искусен консултант за пристап до земјиште/преселување којшто ќе биде обезбеден од страна на ЈПДП со цел да го спроведе набљудувањето. Во подолната табела се дадени примери за показатели што може да се искористат за набљудувањето. Конечниот список на показателите ќе се изработи врз основа на резултатите од истражувањето, и ќе се вклучи во ПОЗ.

**Табела 7-1 – Примери на показатели за набљудување**

| | |
|---|---|
| Спроведување на ПОЗ. | ▪ Потврден број на ЛЗП евидентирани за време на истражувањето;<br>▪ Потврден број на сопственици на земјиштето чиишто имоти се наоѓаат во рамките на 40-метарската безбедносна тампон зона, евидентирани за време на истражувањето;<br>▪ Број на ЛЗП преселени на нивните нови станбени имоти (со поддршка од надлежните органи за социјално домување);<br>▪ Број на сопственици на земјиштето коишто ги потпишале своите договори за надомест;<br>▪ Број на ЛЗП кои веќе го добиле својот надоместок;<br>▪ Број на одржани јавни консултации и дискусии во фокусни групи;<br>▪ Број и вид на доставени поплаки, стапката на успешно разрешените поплаки, број на нерешени поплаки;<br>▪ Роковите во кои се спроведени активностите наспроти распоредот за спроведување на ПОЗ:<br>▪ Износот на вкупните средства потрошени за спроведување на ПОЗ и стапката на трошење. |
| Помогнати ранливи ЛЗП преку вработување и обновување на средства за живот / егзистенција. | ▪ Број и вид на програми за вработување/средства за живот / егзистенција што им се понудени на релевантните категории ЛЗП;<br>▪ Број на ранливи ЛЗП кои зеле учество во советувањата за пчеларство и мало стопанство за да си ги надополнат приходите;<br>▪ Број на деца и младинци на ранливи ЛЗП на коишто им е обезбедено образование, вид на обезбедената помош;<br>▪ Број на лица кои успешно пристапиле до нови активности за средства за живот / егзистенција и кои може одржливо да се издржуваат; |
| Програма за помош. | ▪ Број и вид на програми за помош/одржани разговори, и искористени од ЛЗП;<br>▪ Број на учесници кои присуствувале на овие средби. |
| Помош со обезбедување документи на ЛЗП без документи (доколку важи). | ▪ Број и вид на нови лични документи што им се обезбедени на ЛЗП без документи. |
| Пристап до социјална заштита и здравствена заштита. | ▪ Број на ранливи ЛЗП кои примиле социјална заштита и вид на обезбедена помош; |

| | |
|---|---|
| | ▪ Број на ранливи лица (на пр., лица со попреченост/хронично болни, постари лица кои живеат сами и др.) на кои им е помогнато за да пристапат до соодветна здравствена грижа и лекување. |

7.4.3. ЈПДП ќе ги вклучи податоците од набљудувањето и извештаите за напредокот на ПОЗ и неговите активностите во своите квартални извештаи за време на процесите на откуп на земјиштето и надоместување, и релевантните информации ќе ги резимира во своите годишни извештаи до ЕБОР, како што се налага со севкупното еколошко и социјално набљудување на Проектот.

# 8 ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ И КОНСУЛТАЦИИ

## 8.1 ПЛАНИРАНО ИДНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЧИНИТЕЛИТЕ

8.1.1. ЈПДП е посветен на обезбедување на сите релевантни проектни информации до јавноста и засегнатите луѓе со цел да го овозможи нивното информирано учество. Проектот беше првично обелоденет на 11 декември 2020 година. Овој период се однесува на првичната траса.

8.1.2. Исто така, ќе бидат обелоденети документите што беа подготвени по ревидираната траса на Проектот. Овие документи ги вклучуваат следниве ажурирани документи: оваа РОЗ, ПВЧ, Акциски план за животна и социјална средина (АПЖСС), Нетехничкото резиме (НТР) кон ОВЖСС и Адендумот кон ОВЖСС. Овие документи ќе бидат достапни на следниве јазици:

- Ажурирана РВЗ - англиски, албански и македонски јазик;
- Ажурирано НТР - англиски, албански и македонски јазик;
- Ажуриран ПВЧ - англиски, албански и македонски јазик;
- Ажуриран АПЖСС - англиски, албански и македонски јазик;
- Адендум кон ОВЖСС (вклучувајќи и План за управување со животната и социјалната средина (ПУЖСС) - англиски и македонски јазик.

8.1.3. Информациите погоре ќе бидат достапни за јавноста, вклучувајќи ги и засегнатите заедници за времетраењето на Проектот. Печатени копии од поврзаните документи ќе бидат достапни на почетокот на периодот за обелоденување во седиштето на ЈПДП - (Даме Груев 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија) и во рамки на идентификуваните локални села. Покрај тоа, електронски копии ќе бидат достапни на веб-страниците на ЈПДП и ЕБОР:

- ЈПДП - http://www.roads.org.mk/en
- ЕБОР - https://www.ebrd.com/home

8.1.4. Информациите за Проектот, вклучувајќи ги и потенцијални можности за работа, ќе бидат огласени на огласните табли во центрите на заедниците и во локалните медиуми, вклучувајќи ги популарните весници кои ќе се користат за огласи поврзани со Проектот и потенцијални можности за работа (како што е Fakty - национален весник на албански јазик и Нова Македонија - национален весник на македонски јазик). Ажурираното НТР со клучни информации за Проектот и детали за контакт, исто така, ќе бидат објавени за да се информира јавноста за напредувањето на Проектот и фазите.

8.1.5. За имплементација на оваа РОЗ, важно е да се спроведат интервјуа и состаноци со мажите и жените одделно за да се добие дополнителен увид во претпочитаните мерки за обновување на средства за живот / егзистенција и да се побара нивна повратна информација за предложените мерки за ублажување и компензација.

8.1.6. За време на периодот за обелоденување на ревидираната траса, исто така ќе се одржи состанок со ранливите и ромските ЛЗП и сопствениците на земјиштето чии имоти се наоѓаат во зоната од 40 метри, за да се претстави оваа РОЗ, за да добијат повратни информации од овие директно засегнати групи луѓе и да се земат предвид нивните претпочитани опции во ПОЗ (и ВОЗК) што треба да ги подготви ЈПДП.

# 9 МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ

9.1.1. Механизмот за поплаки што ќе се воспостави во рамките на ажурираниот ПВЧ ќе се користи заради собирање на фидбек, прашања и коментари за овој РОЗ и општо за процесот на откупот на земјиштето и обновувањето на средства за живот / егзистенција. Истиот ќе се воведе на самиот почеток на процесот за да може навремено да се добиваат и решаваат коментарите и прашањата од чинителите и да се дадат дополнителни информации за мерките за надомест и обновување на средства за живот / егзистенција на луѓето засегнати од Проектот.

9.1.2. ЈПДП има разработено механизам за поплаки каде што ги прима и разгледува сите коментари и поплаки поврзани со Проектот, вклучувајќи ги и тие поврзани со откупот на земјиштето. При постапувањето со поплаките ќе важат следниве начела:

- Секоја поплака поврзана со откупот на земјиштето или друго прашање од Проектот ќе се евидентира, ќе се потврди приемот во рок од 5 дена и ќе се следи дури не се затвори;
- Системот за постапување со поплаките ќе содржи најмалку едно ниво на преиспитување/обжалување, со цел да може да се постигне мирна разрешница на спорот, секогаш кога е можно, без предметот да се упати на суд;
- Поплаките ќе се обработат и на нив ќе се одговори во рок од 30 работни дена.

9.1.3. ЈПДП ќе отвори регистар на поплаки и редовно ќе го набљудува нивното навремено решавање. Секоја поплака ќе се евидентира во регистарот со следниве информации:

- Опис на поплаката;
- Датум на прием;
- Датум на потврда за прием доставена до жалителот;
- Опис на преземените дејствија (истрага, поправни мерки); и
- Датум на решавање и затворање/одговорот што му е испратен на жалителот.

9.1.4. Секое лице или организација може да достави коментари и/или поплаки, лично, телефонски, по пошта или по е-пошта:

**г-а Билјана Цветковиќ, Сектор за правни работи**

**Тел.: + 389 (0)2 3118-044 л.312**

**Факс: + 389 (0)2 3220-535**

**Е-пошта: biljanal@roads.org.mk**

**Адреса: Јавно претпријатие за државни патишта**

**ул. Даме Груев бр. 14**

**1000 Скопје**

**Република Северна Македонија**

# 10 ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ЗАДОЛЖЕНИЈА

10.1.1. Спроведувањето на РОЗ е во одговорност на ЈПДП.

10.1.2. Секторот на ЈПДП за откуп на земјиштето и правни работи ќе го раководи процесот на откупот на земјиштето, а ќе биде помогнат и од другите вработени во ЈПДП, кога за тоа има потреба, вклучувајќи ги, на пр., и вработените во Одделението за заштита на животна средина и социјални аспекти на ЈПДП. ЈПДП ќе добива информации за поплаките што му се доставени на Секторот за правни работи во однос на откупот на земјиштето и ќе соработува со Секторот за правни работи на решавање на овие поплаки.

10.1.3. ЈПДП ќе подготвува нацрт-извештаи од набљудување наменети за Банката, коишто вишото раководство на ЈПДП ќе го разгледува и ќе му ги доставува на ЕБОР.

10.1.4. Помошта за обезбедување на пристапот на ранливите ЛЗП до можности за вработување и социјална заштита ќе ја обезбедат релевантните јавни установи и социјални работници од вклучените општини. Може да се вклучат и други даватели на услуги, зависно од потребите на засегнатите ЛЗП и расположливите програми за помош.

# Додаток А

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПОПЛАКИ ОД ЈАВНОСТА

| | |
|---|---|
| ОБРАЗЕЦ ЗА УПИС НА ПОПЛАКА | |
| КОНТАКТ-ПОДАТОЦИ | |
| Име: | Пол: □ машки / □ женски |
| Адреса: | |
| Заедница: | Телефон: |
| Jamoat: | Е-пошта: |
| Анонимна поплака: □ да / □ не | Пожелен начин на комуникација за одговор: □ пошта / □ телефон / □ е-пошта |
| ОПИС НА ПОПЛАКАТА / ПРЕДЛОГОТ / ПРАШАЊЕТО | |
| Ве молиме, подолу наведете ги деталите (кој, што, каде, кога) за Вашата поплака: | |
| Во случај да биле преземени некакви дејства од подносителот на поплаката во однос на предметот, Ве молиме наведете ги деталите за преземените дејства (доколку има): | |
| Ве молиме, наведете ги деталите за Вашиот предлог за разрешување на поплаката: | |
| ПОДАТОЦИ ЗА УПИС НА ПОПЛАКАТА | |
| Име не лицето што го врши уписот: | |
| Организација: | Работно место: |
| Како е доставена поплаката: □ лично / □ пошта / □ е-пошта / □ телефон / □ факс / □________ | Вид на поплака:<br>□ вид А / □ вид B / □ вид C |
| Приложени документи: | Поплаката е релевантна за Проектот: □ да / □ не<br>Доколку „не“, беше проследена до: _______________ |
| Забелешки: | |
| Потпис на лицето што го врши уписот: | Датум на поплаката: |

# Додаток Б

## LAP **СОДРЖИНА**

JABEH

**1. Вовед**
1.1. Цел и делокруг на документот
1.2. Опис на проектот
1.3. Статус на активностите за откуп на земјиштето
1.3.1. Тековен статус на откупот на земјиштето
1.3.2. Планиран процес на откупот на земјиштето

**2. Појдовни информации**
2.1. Резултати од истражувањето за попис на населението и имотот
2.2. Резултати од социо-економското истражување
2.3. Потврдени ефекти
2.4. Список на засегнати добра и чинители

**3. Клучни начела на надомест и дефиниции (согласно LRF)**

**4. Резиме на надоместоци и права**

**5. Обелоденување на информации и јавни консултации**
5.1. Обелоденување на информации и консултации одржани до денес
5.2. Планирано обелоденување на информации и консултации
5.2.1. Документи и информации што треба да се обелоденат
5.2.2. Планирани средби
5.2.3. Распоред на јавни средби

**6. Спроведување на ПОЗ**
6.1. Задолженија за спроведувањето
6.2. Трошоци пресметани врз основа на податоците собрани од истражувањето
6.3. Набљудување и известување

**7. Механизам за поплаки и контакт-податоци**

**wsp.com**

JABEH